Средното општинско училиште „Митко Пенџуклиски“ - Кратово во соработка со Центарот за стручно образование и наука, планираше и успешно ја реализира Ученичка иницијатива од областа Граѓанско образование со учениците од II иIII година. Иницијативата беше поддржана од тимот за имплементација во состав: директор Ѓеорги Цветков, стручен соработник - педагог Катерина Ковачевска, наставник по Граѓанско образование Калинка Стефановска и наставник по Спорт - Марјанчо Јаневски.
По спроведувањето и увидот од страна на ЦСОО, нашето училиште беше избрано како едно од најуспешните во реализација на Ученичката иницијатива за кое е и соодветно наградено со наставни помагала и тоа: LCD проектор и лаптоп компјутер, кои значително ќе допринесат во подобрување и осовременување на воспитно-образовниот процес во училиштето.

